# З А П И С Н И К

Од четвртата седница на Локалниот младински совет на Општина Виница, одржана на 27.12.2024 г., во просториите на Општина Виница, со почеток во 14:00 часот.

Присутни:

1. Слободанчо Ѓорѓиев
2. Клара Костадиновска
3. Филип Ѓорѓиевски
4. Сара Тасева
5. Димитар Панов

Седницата ја отвори и со неа заседаваше Слободанчо Ѓорѓиев, претседателот на Локалниот младински совет на Општина Виница. По констатирањето дека се присутни мнозинство членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог-Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на записничар
2. Усвојување на записникот од третата одржана седница на ЛМС
3. Предлог активност ,,Откриј го светот на инвестирањето: Твојот прв чекор кон Финансиска слобода”
4. Разно

Претседавачот отвори расправа по дневниот ред. Бидејќи немаше забелешки по истиот, го стави на гласање. Со 5 гласа за дневниот ред беше едногласно усвоен. По што се премина на работа по првата точка.

По отворената расправа, за записничар на оваа седница, Слободанчо Ѓорѓиев се самопредложи. Бидејќи немаше други предлози, претседавачот го стави предлогот на јавно гласање и едногласно беше усвоен предлогот.

По изборот на записничар, беше отворена расправа по втората точка. Бидејќи никој не се јави за дискусија и со никакви забелешки, записникот од втората одржана седница на ЛМС беше ставен на гласање и едногласно беше усвоен.

По што се премина кон третата точка. Претседателот на Советот предложи организирање на активност со наслов ,,Откриј го светот на инвестирањето: Твојот прв чекор кон финансиска слобода”. Во рамки на образложениeто, претседателот истакна дека како презентери за оваа активност ќе бидат поканети:

1. Стручно лице од WFP Фонд Менаџмент, и
2. Претседателот на Универзитетското студентско собрани при ,,Кирил и Методиј” – Александар Николовски.

Активноста е планирано да се одржи на 30 декември, со почеток во 11:30 часот, во просториите на СОУ ,,Ванчо Прке” – Виница.

Како дел од предлогот, беше предложено на презентерите да им се исплати хонорар во износ од 5.000 денари, кој ќе ги покрие трошоците за пат од Скопје до Виница, како и надоместок за нивното учество и презентација.

Претседателот отвори дискусија по оваа точка, но бидејќи немаше дополнителни предлози или забелешки, точката беше ставена на гласање. Предлогот беше едногласно усвоен.

Откако беше исцрпена дискусијата по 3 точка, претседателот отвори расправа по однос на 4 точка. Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседавачот констатираше дека дневниот ред беше исцрпен, затворајќи ја третата седница на ЛМС на Општина Виница.

бр. 10-1233

27.12.2024г.

Виница

Записничар

Слободанчо Ѓорѓиев

Претседател на ЛМС Виница

Слободанчо Ѓорѓиев

Членови на ЛМС Виница:

Клара Костадиновска
Филип Ѓорѓиевски
Сара Тасева
Димитар Панов